# Упатство за конфигурација и пристапување на безжична мрежа

## Автоматско конфигурирање

За автоматско подесување на бежичната мрежа на УГД преземете ја апликацијата на следниот линк: https://cat.eduroam.org/?idp=5586 .

Апликацијата е за: Mac OS, Windows, Linux, Android, iOS...

## Мануелно конфигурирање за Windows 10/11

*Сликите и чекорите во постапката се според Windows 10/11, но истите се многу слични (или исти) на Windows 7/8/8.1.*
За рачно да ја конфигурирате eduroam, потребно е да ги извршите следниве чекори:

**1.** Инсталирајте го коренскиот сертификат на УГД според постапката подолу.

**2.** Од Control Panel отворете го Network and Sharing Center (или View network status and tasks).

**3.** Кликнете на Set up a new connection or network.

**4.** Изберете Manually connect to a wireless network.

**5.** Кај Network name внесете eduroam, а во Security type изберете WPA2-Enterprise и кликнете Next:




**6.** Изберете Change connection settings, за мануелно да ја конфигурирате eduroam конекцијата;

**7.** Изберете го табот Security и отворете ги Advanced settings




**8.** Вклучете го Specify authentication mode и од паѓачкото мени изберете User authentication. *Можете да ги снимите вашите корисничко име и лозинка со кликнување на Save credentials.* Кликнете OK.




**9.** Кликнете на Settings.

**10.** Внесете ги RADIUS серверите на УГД (TURTEL1.ugd.edu.mk и TURTEL2.ugd.edu.mk) и изберете го коренскиот сертификат на УГД (UGD Root Certificate Authority) како на сликата.




**11.** Кликнете Configure и исклучете го Automatically use my Windows logon name and password.




**12.** Затворете ги сите прозори со клик на OK.

**13.** Од листата на достапни на безжични мрежи изберете ја eduroam и внесете ги Вашето корисничко име (пр. *janko.jankov@ugd.edu.mk* или *janko.1234@student.ugd.edu.mk*) и лозинка за да се поврзете.



## iPhone/iPad

**1.** Изберете Settings и кликнете на Wi-Fi;




**2.** Од листата со достапни мрежи изберете ја eduroam;




**3.** Внесете ги Вашето корисничко име (пр. *janko.jankov@ugd.edu.mk* или *janko.1234@student.ugd.edu.mk*) и лозинка за да се поврзете со кликнување на Join;




**4.** Кликнете Trust за да го прифатите RADIUS серверот на УГД.




**5.** По ова Вашиот телефон/таблет ќе се поврзи на eduroam;



●●●○○ ONE
15:35
60%
Settings
Wi-Fi
Wi-Fi
eduroam
CHOOSE A NETWORK...
UGD STUDENTS
UGD WEBAUTH
Other...
Ask to Join Networks
Known networks will be joined automatically. If no known networks are available, you will be asked before joining a new network.

## Android

**1.** Изберете Settings и кликнете на Wii;




**2.** Од листата со достапни мрежи изберете ја eduroam;




**3.** Проверете дали како EAP Method е избрано ПЕАП. Во полето Phase 2 authentication изберете MSCHAPV2;

**4.** Внесете ги Вашето корисничко име во полето Identity (пр. *janko.jankov@ugd.edu.mk* или *janko.1234@student.ugd.edu.mk*) и лозинка во полето Enter password за да се поврзете со кликнување на Connect;




**5.** По ова Вашиот телефон/таблет ќе се поврзи на eduroam.




## Инсталирање на коренскиот сертификат на УГД на Windows 7/8/8.1/10

*Сликите и чекорите во постапката се според Windows 10, но истите се многу слични (или исти) на Windows 7/8/8.1.*

**1.** Преземете го коренскиот сертификат на УГД од овде и отворете го;

**2.** Инсталирајте го со кликнување на Install Certificate;




**3.** Изберете да биде инсталиран во сертификатите за компјутерот (Local Machine) и кликнете Next. *(Доколку користете Windows 7 овој чекор не е достапен и сертификатот ќе биде инсталиран во сертификатите на корисничкиот профил. Како да го инсталирате сертификатот во сертификатите за компјутерот прочитајте овде.)*




**4.** Изберете Place all certificates in the following store и кликнете Browse;




**5.** Изберете го Trusted Root Certification Authorities и кликнете OK;




**6.** Кликнете Next и на следниот екран кликнете Finish;